Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М. бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14, бр.148/15 и бр.55/16) **ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – СКОПЈЕ**, со седиште на ул.3-та Македонска бригада бр. 18 Скопје, тел.02/ 3298 667; факс 02/ 3298 667; е-маил: info@cph.mk **(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, е-маил),** в.д. директор Прим. д-р. Shemsi Musa **(името на одговорното лице)** го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2018 до 31.12.2018)**

**1.** Податоци за службеното/те лице/а задолжено/и за посредување на информации кај имателите на информации: Магдалена Јованова, е-маил; m.jovanova@cph.mk;
тел.02/ 3298 667, лок.172;

**2. Број на поднесени барања 15 –**

- 1(едно) барање поднесено на 26.01.2018 година се однесува на активности кои ги спроведува Центарот за јавно здравје-Скопје, како јавна здравствена установа од превентивна дејност, статус на ампутации во Македонија во период од 2010-2016 година, број на ампутации годишно, причина за ампутација, процент на преживеани лица по ампутацијата, колкав процент од државното осигурување се одвојува за протетски помагала и дистрибуција на ампутации по региони на територија на Република Македонија.

- Барањето е одговорено на 12.02.2018 година во електронска форма.

- 1(едно) барање поднесено на 16.02.2018 година се однесува на активностите кои ги спроведува Центарот за јавно здравје – Скопје, како јавна здравствена установа од превентивна дејност, податоци за заболени од респираторни инфекции и малигни заболувања, кои се однесуваат на жителите од село Батинци.

- Барањето е одговорено на 21.03.2018 година, во прилог на одговорот се испратени апсолутни вредности на заболени и релативни вредности заради подобра компарација, во однос на населението и возрасните групи од примарната здравствена заштита.

- 1(едно) барање поднесено на 28.02.2018 година се однесува на активностите кои ги спроведува Центарот за јавно здравје - Скопје, како јавна здравствена установа од превентивната дејност, статистички податоци за територија на која функционира ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје во изминатите 5 години, на кои локации е констатирано загадување на водата за пиење.

- Барателот на информацијата, по професија новинар, беше повикан во ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје на разговор со д-р спец. по хигиена со здравствена екологија; барателот на информацијата не се појави на закажаниот термин.

- 1 (едно) барање поднесено на 12.03.2018 година се однесува на активности кои ги спроведува ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, како јавна здравствена установа од превентивна дејност, заради спроведување на анализа за вработените во јавната администрација, да се достават следните податоци: број на членови на управниот и надзорниот орган по број и пол, табела за етничка припадност и степен на образование на членовите на управниот и надзорниот одбор, на кој начин се исплаќаат членовите, со месечен надомест, по одржана седница или и двете, информација за висината на паричниот надомест кој го добива секој член од управниот односно надзорниот одбор, на колку години се врши изборот на членовите на управниот одбор, на колку години се врши изборот на членовите на надзорниот одбор, какви критериуми има воспоставено за избор на членови (искуство, образование и сл.), како е регулиран изборот на членови на управен одбор, доколку има соодветна регулатива, да се достави во прилог соодветен документ.

- Барањето е одговорено на 12.03.2018 година по електронски пат и во прилог е испратена копија од законот за здравствена заштита.

- 1 (едно) барање поднесено на 13.03.2018 се однесува на активности кои ги спроведува ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје, информации за болни со болести од МКБ-10 со код М40.-, М43.- Деформирачки дорзопатии (кифоза и лордози, сколиози, остеохондрози и други дорзопатии), обработени во однос на патологија, возраст, пол, дистрибуција и општинска поделба на Скопскиот регион за период од 2014-2016г. (3 години) во амбулантно-поликлиничка дејност и систематски прегледи.

- Барањето е одговорено на 12.04.2018 год. по електронски пат и во прилог се испратени табели од бараните податоци.

- 1(едно) барање поднесено на 26.04.2018 година, колкава е стапката на заболени, а колкава на смртноста од рак на дојка на ниво на Република Македонија.

- Барањето е одговорено на 26. 04. 2018 година до барателот на информации по електронски пат и во прилог се испратени табели со бараните податоци.

- 1 (едно) барање поднесено на ден 29.05.2018 година, индикатори за политиките на цени и политиките на даноци за тутунските производи во Р.Македонија (за 2012, 2014 и 2017 година), индикатори за пазарот на тутунски производи во Р. Македонија (2000 до 2017 година), индикатори за тутунската индустрија во Р. Македонија (2017 година).

- Барањето е одговорено на 29.05.2018 година во електронска форма. Барањето за информација е одбиено, бидејќи Центарот за јавно здравје-Скопје, не е имател на информации – индикатори поврзани со пазарната и тутунска индустрија, цените и даноците на цигарите. Барателот е упатен во други институции кои би биле во можност да одговорат на бараната информација.

- 1 (едно) барање поднесено на ден 23.05.2018 година, фактури кои Центарот за јавно здравје - Скопје ги има доставено до Министерството за здравство за извршени договорни услуги по Програма за рана детекција на малигни заболувања (компонента карцином на грло на матка), во период од 01 јануари до 31 декември 2017 година, извештаи, извод од сметка, квартални извештаи за скрининг на рак на грло на матка за состојба и постигнати резултати, евалуација и мониторинг за 2017 година, согласно програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2017 година.

\- Барањето е одговорено на 18.06.2018 година и во прилог се доставени бараните фактури и извештаи.

- 1 (едно) барање поднесено на 20.06.2018 година, се однесува на бројот на лица со малигни болести во 2017 година, дали расте бројот на лицата со малигни болести во нашата земја и каква е состојбата со Битола.

\- Барањето е одговорено на 20.06.2018 година во електронска форма .

- 1 ( едно) барање од 02.07.2018 година, дали вакцинацијата против тетанус е задолжителна со навршени 18 години и дали има некоја глоба доколку лицето добие уредна покана за вакцинација и истото не се вакцинира.

\- Барањето е одговорено на 03.07.2018 година во електронска форма.

- 1 ( едно) барање од 24.08.2018 година, а се однесува на загадувањето на воздухот во Скопје, зошто е зголемено во последниве години, кои се импликациите за граѓаните, системот за здравствена заштита и владините институции.

\- Барањето е одговорено на 24.08.2018 година, во електронска форма.

- 1( едно) барање од 05.09.2018 година, податоци за изработка на дипломска работа на тема „Репродуктивното здравје на жената“.

\- Барањето е одговорено во електронска форма на 21.09.2018 година.

- 1(едно) барање од 24.09.2018 година, се однесува за издавање потврда за вакцинација од Хепатитис А .

\- Барањето е одговорено на 24.09.2018 година во електронска форма.

- 1(едно) барање од 10.10.2018 година, дали бактеријата Staphylococcus aureus предизвикува А05.- Други бактериски алиментарни интоксикациии, и дали колиформни бактерии, доколку ги има на работна површина каде што се приготвува храна предизвикуваат бактериска интоксикација.

- Барањето е одбиено на 16.10.2018 година, со цел да се добие релевантен одговор, барателот е упатен во институција која има референтна и научна компетентност да даде одговор на барањето.

- 1 (едно) барање од 20.11.2018 година, колкав е бројот на доктори специјалисти во Регионот и точна бројка по специјалност и број на специјалисти кои се постари од 55 години.

- Барањето е одговорено на 03.12.2018 година во електронска форма.

3. Број на позитивно одговорени барања - 13;

4. Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање - 2;

5. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација - нема

6. Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата - нема;

7. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата – нема;

8. Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање - нема;

9. Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање - нема;

10. Број на случаи на молчење на Комисијата – нема;

11. Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки - нема;

12. Број и видови на изречени прекршочни санкции - нема;

13. Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата - нема;

14. Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд - нема.

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 37 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

**Скопје, 20.12. 2018 година**
**(Место и датум)**

**(Имател на информации-печат)**

**Prim. Dr. Shemsi Musa**
***Спец. по хигиена***
**(одговорно лице – потпис)**